РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHETETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 15-05-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 1615 | 1 | |

( Образец ПП……)

**До: Државна комисија за спречување на корупција**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Анализа за постапувањата на државните органи при склучувањето на договорот за коридорите 8 и 10Д подготвеена од Државната комисија за спречување на корупција**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 15.05.2024 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Wednesday, May 15, 2024 1:56 PM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информации од јавен каркатер |
| **Attachments:** | Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-каркатер.pdf |

Почитувани,

Во прилог на овој меил ви го доставувам барањето за пристап до информации од јавен карактер.
Се надеваме на успешна соработка
Однапред Ви благодариме.

Со почит,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-1615/2
23-05-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 и член 21 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1615/1 од 15.05.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-11615/1 од 15.05.2024 година, доставено од [redacted] СЕ УВАЖУВА.

До барателот на барањето да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted], до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер (во електронска форма) со кое побара: ***„Анализа за постапување на државните органи при склучување на договорот за коридорот 8 и 10д подготвена од Државната комисија за спречување на корупцијата".***

По разгледување на барањето, ДКСК констатира дека **располага** со бараната информација и бараниот документ „Анализа на постапувањата на државните органи и институции и начинот на донесување одлуки и акти за склучување на договор со „Bechtel&Enka" за изградба на коридор 8 и коридор 10-д и за избор на најповолен понудувач за надзор и правен трансакциски

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

советник за изградба на коридор 8 и коридор 10-д“ е објавен на веб страницата на ДКСК и е достапна за јавноста, на следниот линк: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/02/12-493-3-2.pdf .

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-493/3
05-02-2024

# АНАЛИЗА НА ПОСТАПУВАЊАТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ И НАЧИНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И АКТИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР СО „BECHTEL&ENKA" ЗА ИЗГРАДБА НА КОРИДОР 8 И КОРИДОР 10-Д И ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ ЗА НАДЗОР И ПРАВЕН ТРАНСАКЦИСКИ СОВЕТНИК ЗА ИЗГРАДБА НА КОРИДОР 8 И КОРИДОР 10-Д

Оваа Анализа е изработена за потребите на Предмет со број 12-1043/1 /1 од 14.02.2023 кој е отворен по доставена пријава а се однесува за изборот на најповолен понудувач за Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и коридор X-d од страна на Јавно претпријатие за државни патишта-ЈПДП по спроведена постапка за јавна набавка по оглас број 15413/2022.

Ова е втор обид за склучување на договор за надзор, откако постапката за избор на Надзор и правен трансакциски советник спроведена во 2022 година, по оглас објавен во декември 2021 година беше поништена поради надминување на роковите во кои избраниот економски оператор требаше да достави банкарска гаранција за квалитет на извршувањето на договорот.

Интересот на јавноста за овој договор е константен од причина што е неопходен за склучување на договор со Bechte&Enka за започнување на изградбата на Коридорите VIII и X-d, а за кои Собранието на РСМ донесе Закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 163/2021 и 111/2023), во натамошниот текст **Специјален закон**.

Оваа Анализа е извршена од обезбедените и јавно достапните документи и ДКСК ја организираше во два дела:

1 дел: Активности на Влада, Собрание и други тела и институции во однос на склучување на договорот со „Bechte&Enka" за изградба на коридорите и

2 дел: Активности на ЈПДП за склучување на договор за Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и коридор X-d.

## 1 дел: Активности на Влада, Собрание и други тела и институции во однос на склучување на договорот со „Bechtel&Enka" за изградба на коридорите

Сведоци сме дека претставници на сегашната владејачка структура изминатите години во континуитет го критикуваа изборот на компанијата Сино хидро за изградба на патниот правец- Кичево-Охрид, изведувач избран на ист начин, со закон кој Собранието на РМ го донесе во 2013 година од кој поради коруптивните елементи при неговото донесување, и после 10 години патот сеуште не е изграден, вредноста на изградениот пат е скоро двојно поголема, а се води и судска постапка „Траекторија" против тогашни високи владини функционери заради пречекорување на овластувања и нанесување на штета на Буџетот на РМ во износ од 155 милиони евра.

Наместо ефектите и последиците од донесениот закон во 2013 година да бидат искуство и научени лекции како да не се носат одлуки надвор од воспоставените законски процедури, хронологијата на активностите на институциите го потврдува спротивното, односно координирано

постапување и носење одлуки кои се во спротивност на воспоставениот правен систем во РСМ и го нарушува основниот принцип на владеење на правото.

Временската хронологија на настаните е утврдена од добиените и јавно достапни документи, но и од објавени новинарски написи. Имено:

1. Согласно Записникот **на 41-ва седница** на Владата на Република Северна Македонија, одржана **на 26 јануари 2021 година**, во однос на точка 2 е наведено *„Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со дополнувања и со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта на ЈП за државни патишта за 2021 година, во предложениот текст. Исто така, проектите за изградба на автопат Прилеп – Битола и изградба на автопат Тетово – Гостивар кои се програмирани во Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 за 2021 година и 2022 година да се заменат со нови, со оглед дека истите се предвидени во Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година."*
2. Во Записникот од **59-та** на Владата на Република Северна Македонија, одржана **на 30 март 2021 година** наведено е: *„Владата го разгледа Меморандумот за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 Д автопатот Прилеп – Битола помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија, го прифати усогласениот текст кој Министерството за транспорт и врски ќе го достави до Владата и ги овласти Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта – Скопје да го потпишат усогласениот текст на Меморандумот за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 Д автопатот Прилеп – Битола* ***помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија****, како и по обезбедени мислења од Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта – Скопје".*
   Како што се наведува во член 1 од Меморандумот, *"страните ќе соработуваат во согласност со законската рамка на националното законодавство во РСМ Веднаш после потпишувањето на овој Меморандум за разбирање, Страните ќе соработуваат тесно во подготовка на највредните технички, финансиски и комерцијални решенија за спроведување на овој проект."*
3. На **31 март 2021 година**, Меморандумот е потпишан, **но јавно не е објавен**.
4. На **30 јуни 2021 година**, група од 5 пратеници (4 од ДУИ и 1 од СДСМ) до Собранието на РМ доставуваат *„Предлог-закон за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10 д"*, по скратена постапка, по што на седница на Собрание од 15.07.2021 година, од 101 пратеник, „за" гласале 55, по што Законот е донесен и објавен во Службен весник број 163/2021 од 16.07.2021 година.
5. Усвоениот Закон се <u>**применува како посебен**</u> и **со него се исклучува примената на други закони во целост или делумно, а се предвидува и одредбите од Законот за јавните набавки да не се применуваат за доделување на договорите поврзани со подготовката и реализацијата на Проектот**
6. Изборот на изведувач на коридорите преку наведениот Закон, а не преку постапка предвидена согласно Законот за јавните набавки, но и поради постоење на одредени одредби кои се спротивни на Уставните принципи и начела и се во колизија со други материјални закони, ДКСК

**го препозна како договор со многу корупциски ризици** и согласно своите надлежности од аспект на спречување на корупција, поради повреда на повеќе уставно загарантирани права, но и суспендирање на правниот систем во државата, **на 26 јули 2021 година** до Уставен суд на РСМ поднесе иницијатива за преиспитување на уставноста на донесениот закон. Уставниот суд на 9.12.2021 година ја отфрли иницијативата на ДКСК.

7. На **14.12.2021 година**, согласно член 6 од специјалниот Закон, **Владата конституира Комитет за преговори**, составен од членови на Владата, Инвеститорот и други соодветно заинтересирани страни, **овластен да преговара и да ги одобри условите на Договорот за градење со Стратешкиот партнер**. За членови на Комитетот се: вицепремиер Артан Груби, тогашниот вицепремиер за борба против корупцијата Љупчо Николовски, вицепремиерот за економски прашања, министрите за финансии, за животна средина, за труд и социјална политика, за економија, за транспорт и врски и директорот на Јавното претпријатие.
8. На **28 декември 2021 година**, Јавното претпријатие за државни патишта објави оглас за избор на надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор 8 и Коридор 10-д.
9. На **17 мај 2022 година**, ЈПДП донесе одлука за избор на најповолна понуда – Институт ИГХ од Загреб како лидер на група, заедно со Институт за патишта од Велес, но веќе на 12 август 2022 година, ЈПДП го поништи тендерот бидејќи ИГХ не доставил банкарска гаранција.
10. на **15 септември 2022 година** распишан е нов тендер за надзор и консултант.
11. на **7 декември 2022 ЈПДП** ја избира понудата на ИРД Инженеринг како најдобра
12. По завршување на жалбените постапки пред ДКЖЈН, **на 16.01.2023 година, потпишан е договор за „Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и коридор X-d директорот"** помеѓу ЈПДП и одговорното лице на **ИРД**, Паоло Орсини, како предводник на конзорциум во кој се шпанската компанија **„Ептиса"**, како и домашните **„Евро консалтинг"** и **„Електра Солушнс"**. Вредноста на договорот со ДДВ изнесува 26,3 милион евра.
13. На **7.03.2023** година Владата на СРМ со „***Bechtel & Enka***" го потпиша договорот за изградба на коридорите 8 и 10 д од околу 110 километри чија вредност е 1,3 милијарди евра. Договорот е потпишан после 44 дена „преговарање" помеѓу тимот за преговори на избраниот надзор и стратешкиот партнер. **Договорот не е јавно достапен и е класифициран.**
14. Од позиција на пратеници и право да поднесат измени на закони, група од 12 до 15 пратеници (од кои 4 се истите кои го имаат предложено посебниот закон), предложени се измени во Законот за градење, Законот за експропријација, Законот за работните односи, Законот за урбанистичко планирање, Законот за шумите, Законот за минералните суровини. По реакција од јавноста предлозите се повлечени и истите се повторно доставени како предлог на ресорните министерства. По скратена постапка и со европско знаменце, усвоените измени на законите се објавени во Службен весник 111 од **30 мај 2023 година**.

Ваквото постапување на Владата, пратеници и Собранието говори за усогласено постапување и свесно прекршување на низа закони, интерни акти, постапки и процедури со цел обезбедување законски поволности на правни лица, но и ексклузивност при носење на одлуки на домашни физички лица. Имено:

- Изземањето на проектите за изградба на автопат Прилеп – Битола и изградба на автопат Тетово – Гостивар од програмите на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 и нивно вклучување во годишните програми на ЈПДП упатува на спремност на Владата проектот да се финансира од средства од Буџетот на РСМ без разлика дали ќе се обезбеди од домашно и надворешно задолжување. Ваквото постапување има за цел да ги напушти строгите правила и принципи на ЕУ при реализација на вака финансираните проекти, но уште по важен момент е што подоцна се овозможува концентрација на моќта на одлучувањето во управувачки комитет на Владата предводен од Груби.
- Активностите на Владините претставници во однос на потпишување на Меморандумот за соработка со „***Bechtel & Enka***", а кои согласно нивните изјави се должат на тоа што

претставници на конзорциумот пристапиле кон Владата и понудиле идеја за изградба на коридорите по принцип на „клуч на рака", а производ од овој меморандум е Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10-д, може да се оценат како **активности во спротивност со Законот за лобирање**. Иако специјалниот Закон е донесен на предлог на пратеници, имајќи ги во предвид нивните образовни компетенции и стручни знаења, се наметнува заклучокот дека самиот текст на посебниот Закон е подготвен во рамките на Владата. Делувањето на *„Bechtel & Enka",* во контактите со Владата може да се смета за лобирање од причина што според тогаш важечкиот Закон за лобирање, **како лобирање се смета** *„активност насочена кон законодавната и извршната власт на централно ниво, како и кон локалната власт, заради остварување определени интереси во процесот на донесување закони и други прописи".*

За овој процес, двете страни биле должни да ја известат Државната комисија за спречување на корупцијата, а со оглед на фактот што во земјата не постојат регистрирани лобисти, функционерите во Владата според член 24 од закоот за лобирање, морале да го пријават ова делување до ДКСК. Во ДКСК не постои евиденција дека вакво нешто е сторено. Со тоа, заштитниот механизам кој го ограничува лобирањето не бил искористен, и не го уредил и ограничил влијанието на приватниот интерес при носење на одлуката.

- Не е познато како биле дефинирани засегнати страни и на кој начин истите биле консултирани во процесот на подготовка на предложениот специјален закон, но факт е дека од потпишувањето на Меморандумот, до носењето на законот, поминати се само 2,5 месеци (а сведоци сме дека и по изминување на 4 години законот за административни службеници, за вработените во јавниот сектор, како и законот за високата раководна служба и по бројни јавни расправи сеуште не се објавени како конечна верзија на предлог закони).

Како предлог-текст, законот во ниту еден момент не е поставен на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) иако во 2021 година, иако имаше најави на претставници од Владата дека тимови од министерствата ќе го подготвуваат текстот и за што ќе следат дебати. Согласно со Деловникот за работа на Владата, при подготовката на законски решенија, министерствата имаат обврска да спроведат процена на влијание на регулативата-ПВР. Оваа процена, има за цел дискрецијата во креирање политики да ја насочи низ процес на анализи и консултации да додаде податоци за да ги намали неповолните ефекти од таквата дискреција. Истовремено, ПВР воспоставува правила за рана најава на подготовка на законите, со што заинтересираната јавност има увид во плановите и динамиката на креирање на политиките, или појасно, ПВР креира можности за предвидливо носење одлуки кое е засновано врз податоци. Предлог-текстот во фаза во која бил во министерството не е даден на увид на јавноста, ниту пак е најавен на Единствениот национален регистар (ЕНЕР), како што тоа го налага самиот Деловник на Владата преку процесот на ПВР. На тој начин, не им е дадена можност на граѓаните и стручната јавност ниту да го коментираат, ниту пак навремено да организираат независен процес во кој ќе ги дадат своите согледувања за проблематиката. Исто така нема показатели дека текстот на предлог-законот, додека бил во министерството е консултиран со надворешни засегнати страни.

Консултациите околу овој закон биле исклучително важни, бидејќи законот овозможува делумно или целосно исклучување на одредби на други закони, па било потребно да се консултираат експерти и претставници на групи кои би биле или можеле да бидат засегнати од изградбата на автопатиштата.

Предлог-законот во 2021 година во Собраниска процедура започнува со предлог доставен од група пратеници, поради што не постои обврска за спроведување процена на влијание на регулативата. На овој начин, заобиколена е можноста да се искористи ПВР како заштитен

механизам во процесот на носење одлуки. Образложенијата приложени кон текстот на предложениот закон, недоволно ги објаснуваат причините за избраниот модел и аналитичка споредба со опцијата целиот проект за изградба да се води преку Законот за јавни набавки. Во образложението се среќава аргументот дека со новиот пристап се решаваат претходно констатирани проблеми при изведба на слични проекти, иако веќе постои случај каде што за ист модел со директно склучен договор се води судска постапка за злоупотреба на службена должност. Исто така во Собранието не е спроведена јавна расправа со која пратениците ќе може да консултираат стручни лица за да се увидат слабостите и можностите за подобрување. Иако се работи за закон кој востановува голем инфраструктурен проект во јавниот транспорт, предлагачите не наоѓаат потреба од поширока консултација пред законот да влезе на сила, па така во своите настапи функционерите го објаснуваат новиот пристап преку примената на таканаречените ФИДИК-договори, без да објаснат дека тоа се принципи за склучување на договори за изградба и утврдување на одговорности меѓу инвеститорот и изведувачот, и не ги исклучуваат јавните набавки како опција.

- Две години по усвојување на специјалниот Закон, во 2023 година се наметнува потребата да се изменат повеќе закони заради усогласување со временските рокови за изградба на коридорите, но и дефинирање и скратување на одредени процедури. Така, предложени се измени во Законот за работни односи, Закон за градба, Закон за урбанистичко планирање, Закон за експропријација и дополнителна измена на Законот за изградба на коридорите 8 и 10-д. По реакциите од јавноста, предлозите поднесени од група пратеници се повлечени за по втор пат да бидат предложени од соодветни министерства. Во ниту еден од случаите овие измени не беа подложени на процена на влијание на регулативата, иако, со оглед на значајноста на промените, Владата би требало да ја примени ПВР-методологијата при изготвување на измените.

Процената на влијание на регулативата претставува значаен дел од системот на обезбедување интегритет при носењето одлуки кој воспоставува користење консултации, анализи и споредби за да го избере најдоброто решение и да ги евидентира и намали потенцијалните влијанија на приватниот интерес. Во случајот со Законот за коридорите 8 и 10-д, но и со дополнително изменетите закони, заради усогласување, заобиколувањето на процената овозможило одлуките да се носат без земање предвид на повеќе анализи кои би ги ограничиле можностите од дискрециско и арбитрарно одлучување. Истото како и при носењето на специјалниот Закон, и за овие измени во Собранието не се остварени јавни расправи.

- Соочени со потенцијална блокада во Собранието, предлог-измените на претходно наведените закони Владата ги достави со користење европско знаменце како би се овозможила брза постапка во Собранието при нивното усвојување. Причина за ваквото постапување Владата го оправдува како потребата од нивно усогласување со Европското законодавство, искористувајќи го моментот што во текот на 2023 година Македонија имаше билатерален скрининг со Европската Комисија во однос на усогласеноста на домашното законодавство со законодавството на ЕУ. Меѓутоа, поднесените измени на законите не упатуваа на конкретно усогласување со европската регулатива во предметната област. Прифаќајќи ги предлозите и дозволувајќи тие да влезат во собраниска процедура, прекршен е член 136 од Деловникот на Собранието. Конкретно, според тој член, Претседателот на Собранието треба да го врати текстот на доработка, доколку не ги задоволува потребните описи и референци (од член 135) кои опишуваат што треба предлог-законот да содржи за да гарантира дека се однесува на усогласување со правилата на ЕУ. Тоа го нема сторено ниту претседателот на Комисијата за европски прашања.

- Уште по симптоматично од ваквото постапување се предложените измени на Законот за работни односи и додавање на нов член 117-а со кој се овозможува работна недела во траење повеќе од 40 часа неделно, од причина што пред Уставниот суд беше иницирана постапка за оценување на уставноста на член 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 и коридорот 10 д кој се однесуваше на воведување на 60 часовна работна недела, спротивно на Устав и закони. Подоцна, Уставниот суд со Одлука У. бр. 148/2021 и У. бр. 15/2022 од 13 јули 2022 година го укина оспорениот член 12 од Законот.

Државната комисија за спречување на корупција по отворање на конкретниот предмет, се обрати до Владата на РСМ за обезбедување на договорот со „Bechtel & Enka", меѓутоа по долги преписки и допишувања договорот беше доставен делумно, во англиска верзија, без составните прилози и анекси каде се дефинирани соодветни цени и други квалитативни показатели, поради што ДКСК не беше во можност да пристапи кон негова анализа.

Ефект од ваквото постапување на клучните институции во РСМ е дека има координирано постапување на државните институции со однапред анализирани и договорени постапки во носењето одлуки со цел да се додели договор и обезбедат поволни услови во корист на фаворизирана фирма на начин што е во спротивност на воспоставениот правен систем во РСМ и го нарушува основниот принцип на владеење на правото. Ако се има предвид и фактот што договорот за изградба на 110 километри автопат е во износ од 1,3 милијарди евра, неговото класифицирање со степен „Доверливо" што го прави недостапен за јавноста и стручната фела, создава сомнеж за нереално високо проценета вредност на проектот и идна штета на Буџетот на РСМ.

Државниот завод за ревизија во текот на 2023 година започна со ревизија на успешност на тема: *„Реализацција на капиталните инвестиции финансирани преку буџетот на РСМ, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централна власт и локалната самоуправа"*, каде е опфатен и склучениот договор за изградба на коридорите со *„Bechtel & Enka"*.

ДКСК очекува дека во Извештајот од извршената ревизија ќе бидат обелоденети состојби, доколку бидат утврдени недоследности во фазата на негово преговарање и склучување.

Во Табела 1 се прикажани податоците за приближната должина на патните правци и можни објекти.

Табела 1:

| Патен правец | Должина во километри | Планирана вредност во милиони евра | Мостови | Над-патници | Под-патници | Потпорни ѕидови | Пропусти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тетово-Гостивар | 17,5 | 125 | 4 | 8 | 3 | | 34 |
| Гостивар-Букојчани | 30,3 | 560 | 14 | 6 | 10 | 33 | 76 |
| Требеништа-Струга-Ќафасан | 21,7 | 360 | 5 | 7 | 10 | 7 | 89 |
| Прилеп-Битола | 39,3 | 260 | 19 | 21 | 16 | | 77 |

**2 дел: Активности на ЈПДП за склучување на договор за Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и коридор X-d.**

Договорот за избор на најповолен понудувач за Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и коридор X-d е обострано склучен на 24.01.2023 година помеѓу ЈПДП и конзорциум од 4 правни лица италијанска **ИРД**, предводник на конзорциумот, шпанската компанија **„Ептиса"** и домашните **„Евро консалтинг"** и **„Електра Солушнс"**. Вредноста на договорот со ДДВ изнесува 26,3 милион евра. Договорот е склучен откако по втор пат е објавен јавен оглас согласно Законот за јавни набавки, бидејќи по јавниот оглас спроведен во 2022 година ЈПДП го поништи изборот од причина што избраните фирми не успеаја во законски предвидениот рок да достават банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, но и според сознанијата обелоденети во јавноста дека зад хрватската фирма ИРД инженеринг стои руски капитал.

Исто како и првиот јавен оглас за избор на Надзор и правен трансакциски советник, така и вториот јавен оглас предизвика голем интерес кај јавноста пред се поради големата вредност на договорот како и поради професионалните квалификации на фирмите понудувачи. Професионалноста на фирмите за надзор е многу битен фактор пред се поради фактот што треба да обезбедат тим од експерти кој во име на Комитетот за преговори (формиран од Владата на РСМ) ќе преговара со номинираниот стратешки партнер *Bechtel & Enka* и ќе подготви договор согласно FIDIC- правилата за градење за имплементација на проектот за изградба на Коридорот 8 и Коридорот 10 д, а кој треба да биде потпишан од Владата на РСМ. 42 дена по склучување на договорот за Надзор, односно на 07.03.2023 година договорот за изградба на коридорите е потпишан меѓу Владата на РСМ и *Bechtel & Enka*.

За обезбедување на потребната документација за анализа на постапувањето на институциите во процесот на избор на најповолен понудувач за Надзор, ДКСК обезбеди документација од спроведената јавна набавка од ЈПДП, Бирото за јавни набавки, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за вработување. ДКСК ја утврди следнава хронологија на настаните:

1. Донесена е одлука број 02-8789/1 од 15.09.2022 година од директорот на ЈПДП со која се утврдува потребата од конкретната јавна набавка, вредност на набавката во износ од 1.540.000.000 денари (1.817.200.000 со вклучен ДДВ), начинот на финансирање ќе биде од годишните програми за изградба, реконструкција рехабилитација на ЈПДП во годините на реализација на проектот, видот на постапка по кој ќе се спроведе – отворена постапка со електронски средства преку ЕСЈН, без електронска аукција како неделива набавка и е формирана комисија за спроведување на постапката .
2. Огласот е објавен на ЕСЈН на ден 15.09.2022 година со краен датум на доставување на понудите до 17.10.2022 година. Истиот ден огласот е објавен во Службен весник на РСМ и Службеното гласило на Европската Унија.
3. Предметот на набавка е Надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d во рамки на шифра 7152000-9 - Услуги за надзор и градење.
4. Критериум за доделување на договор е најдобар однос помеѓу цената и квалитетот при што за цена се доделуваат 30 бодови, а за квалитет – 70 бодови
5. Елементот квалитет се утврдува врз основа на три поделементи, пречистен текст по извршени измени на тендерската документација:

5.1. Една извршена услуга во последните 5 **(пет) години** (сметано од денот на објавување на тендерот) за Надзор над изградба на автопат во Западен Балкан (за земји од Западен Балкан ќе се земат во предвид: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија) според FIDIC Условите на договорот со вредност (без ДДВ) од: 3.500.000,00 - 6.000.000,00 ЕУР -5 бодови; од 6.000.000,01 - 8.500.000,00 ЕУР - 15 бодови; Повеќе од 8.500.000,00 ЕУР -25 бодови.

5.2. Една извршена услуга во последните 5 **(пет) години** (сметано од денот на објавување на тендерот) за Надзор над изградба на автопат во Западен Балкан (за земји од Западен Балкан ќе се земат во предвид: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија) според FIDIC Условите на договорот, со вредност на изградба на автопат (без ДДВ) од: 100.000.000,00 - 300.000.000,00 ЕУР - 5 бодови; од 300.000.000,01 - 500.000.000,00 ЕУР -15 бодови; повеќе од 500.000.000,00 ЕУР -25 бодови.

5.3. Извршени услуги во последните **5 (пет) години** (сметано од денот на објавување на тендерот) за Надзор над изградба на државни патишта или објекти на државни патишта во Република Северна Македонија, според FIDIC Условите на договорот со вредност на извршената услуга за Надзор од најмалку 1.000.000,00 евра (без ДДВ) од: 1 услуга -10 бодови; 2 услуги - 15 бодови; 3 услуги и повеќе од 3 услуги - 20 бодови.

6. За докажување дека економските оператори се квалификувани во постапката за јавна набавка треба да се достават документи со кои ќе се потврди:
   6.1. Дека не постојат причини за исклучување од постапката,
   6.2. Способност за вршење на професионална дејност ДРД образец и А лиценца за надзор,
   6.3. Економска и финансиска состојба - Минимален годишен приход од 40.000.000,00 евра/годишно во последните три години (2019, 2020 и 2021)
   6.4. Техничка и професионална способност:
      6.4.1. **90 лица групирани во седум тимови** со конкретно искуство во областа на надзор или градење по FIDIC правила, стручни квалификации знаења, вкупно работно искуство
      6.4.2. Изјава за сопственост на акредитираната лабораторија или доказ за обезбеден пристап до акредитираната лабораторија и копија од Сертификат за акредитација МКС EN ISO / IEC 17025 издаден од домашно тело за акредитација во Република Северна Македонија.

   Со тендерската документација предвидени се документите и начинот на нивно потпишување и верификување како би се докажале претходно наведените услови и критериуми.

7. Во законски утврдени рокови, ЈПДП има извршено промени на поделементите од точките 5.1., 5.2, и 5.3, промена на видот ревизорски извештаи за докажување на финансиската способност на економските оператори дефинирана во точка 6.3. и **пролонгирање на рокот за доставување на понудите до 25.10.2022 година.**

8. Составен дел на тендерската и договорната документација е Проектната програма заведена кај ЈПДП со број 08-8789/4 од 15.09.2022 година која претставува збир на информации за

претстојните проекти, сет на правила за постапувања на фирмите во текот периодот за кој се ангажирани, опис и попис на активности, задачи, обврски, начин на известување од стручните лица за надзор за нивните активности, работното време како и начин на постапување на избраните фирмите во случаи на промена кај стручните лица и начин на известување до ЈПДП. Исто така со Проектната програма се предвидени и видот на опрема (објекти, возила, канцелариска опрема, теренски лаборатории и слично) кои треба да бидат обезбедени од изведувачот на работите или од надзорот за непречено извршување на работите, а кои средства ќе бидат обезбедени од инвеститорот.

9. Од страна на Бирото за јавни набавки на ден 19.12.2022 година извршена е управна контрола на постапката согласно член 176 од ЗЈН. Не се утврдени неправилности, но како препорака е укажано дека под елементот во точка 5.1. и 5.2. – претходно реализирани договори не може да биде предмет на бодување туку дека е услов за оцена на техничката и професионална способност на економските оператори. Ова се должи на пресудите на Европскиот суд на правдата C-532/06 за што во повеќе наврати РСМ е известена на погрешна примена на одредбите од ЗЈН за утврдување на критериуми за квалитет.
10. Во законски утврдениот рок, до ЈПДП доставени се три понуди и тоа:
    - група на понудувачи: Ingerop Conseil et Ingenierie - Франција, Егис Интернационал – Франција – подружница во Скопје и Матека Инженеринг доо Гостивар – вредност на понуда 1.106.040.600 денари без ДДВ;
    - група понудувачи: IRD Engineering- Италија, Eptisa Sevicios- Шпанија, Електра Солушнс и Евро Консалтинг од Скопје – вредност на понуда – 1.374.304.074 денари без ДДВ;
    - група понудувачи: Hill International N.V.- Холандија и Градежен Институт Македонија Скопје- вредност на понуда 1.533.720.772 денари без ДДВ.
11. Комисијата за јавни набавки во Извештајот од постапката на евалуација на доставените понуди ги исклучила Ingerop Conseil- Франција поради потпишување на документите со невалиден дигитален сертификат. Понудата на Hill International N.V.- Холандија е отфрлена поради непостоење на валидни договори меѓу понудувачот и стручни лица бидејќи истите се условени да се потпишат доколку Hill International N.V биде избран како најповолен понудувач. Од ваквото постапување на комисијата, како единствена валидна понуда е понудата на IRD Engineering- Италија Eptisa Sevicios- Шпанија, Електра Солушнс и Евро Консалтинг од Скопје.
12. Понудувачите исклучени од постапката поднеле жалба до ДКЖЈН од каде истите се одбиени како неосновани.
13. Склучен е договор со најповолниот понудувач кај ЈПДП заведен под број **08-389/3 од 16.01.2023, заверен од понудувачот на ден 24.01.2024 година,** за период од 58 календарски месеци, со вкупна вредност од 1.621.678.807 денари со вклучен ДДВ. Договорот е дел од договорната документација која се состои и од: писмо за прифаќање, понуда, посебни услови на договорот, општи услови на договорот, проектна програма, други документи и прилози.

Од анализа на обезбедената документација и прашања поставени од потенцијални понудувачи – економски оператори во време на постапката и договорната документација, ДКСК ги констатира следниве состојби:

- Тендерската документација и извршените измени, не укажуваат на креирање поволни услови за фаворизирање на конкретно правно лице.
- Во тендерската документација на јасен и недвосмислен начин, согласно одредбите на законот за јавни набавки кои го уредуваат поднесувањето на понуда од група економски оператори-групна понуда, се дефинирани потребните документи и начинот на докажување на поставените услови. При тоа:
  - Сите правни лица од групата имаат поднесено документи за докажување дека не постојат причини за исклучување од постапката и дека поседуваат А лиценца за надзор,
  - IRD Engineering- Италија ги исполнува условите во точка 5 претходно наведени и 8 лица од потребниот стручен персонал;
  - Eptisa Sevicios- Шпанија го исполнува условот за остварен годишен приход од точка 6.3, погоре;
  - Електра Солушнс заедно со осум подизведувачи по претходно случени договори за обезбедување техничка поддршка, обезбедува 50 стручни лица
  - Евро Консалтинг обезбедува пристап до акредитирана сертифицирана лабораторија од точка 6.4.2. и 25 стручни лица.

Со анализа на паралелно обезбедената документација од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за вработување го констатиравме следното:

Согласно член 34 од Законот за градење, правното лице за вршење на надзор на изградба на градби од прва категорија (членот 57 законот) треба да има лиценца А за надзор. За добивање лиценца А за надзор правното лице потребно е да е регистрирано за вршење на соодветната дејност и да има вработено најмалку четворица инженери од кои двајца со овластување А за вршење на надзор. Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за издавање на Лиценци А. Од страна на Електра Солушнс до Министерството за транспорт и врски на ден 27.09.2022 (среда) доставено е барање за издавање лиценца А за надзор. Лиценцата е издадена на ден 3.10.2022 во рок **од 3 работни дена.** За докажување дека Електра Солушнс има потребен број на лица со бараните квалификации, доставени се докази за лицата:

- НН-1 – дипл. градежен инженер – овластување А – пријавен во Електра Солушнс на 27.09.2022 (ист ден кога е доставено барањето до Министерството) **на 2 часа дополнително** над 40 часа
- НН-2 - машински инженер – овластување А, пријавен во Електра Солушнс на 02.09.2022 на **2 часа дополнително** над 40 часа
- НН -3 – инж архитект со овластување А - пријавена во Електра Солушнс на 02.09.2022 на **3 часа дополнително** над 40 часа
- НН 4- инж по електротехника (нема овластување), - пријавена во Електра Солушнс на 01.07.2022 на 40 часа редовно работно време

**Според податоците од АВРСМ на ден 23.01.2024, НН-1 и НН-3 сеуште се ангажиран на 2, односно 3 часа дополнително, НН-2 го раскинал работниот однос со Електра Солушнс на ден 14.07.2023 исто како и НН-4 кој работниот однос со Електра Солушнс го прекинал 31.10.2022 година.**

**Ова значи дека уште во време кога сеуште траела постапката за избор на надзор, Електра Солушнс не ги исполнувала условите за Надзор со лиценца А.** Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за постапување како за издавање така и за одземање на соодветните лиценци доколку согласно член 38 став 4 од Законот за градење *„ Лиценца издадена согласно со одредбите од овој закон се одзема доколку се утврди дека правното лице - носител на лиценца престанало да исполнува некој од условите за издавање на лиценца, или правното лице не ја исполнило обврската за осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Северна Македонија согласно со членот 41-а од овој закон, или правното лице престанало да постои".* До Министерството за транспорт и врски се обративме со барање да достави информации и документи за издадените лиценци на фирмите подизведувачи со Електра Солушнс, како и информации дали за истите, вклучително и за Електра Солушнс и за Евро консалтинг, имаат направен увид во однос на исполнување на условите за фирма со А лиценца за надзор. До 25.01.2024 година не се добиени повратни информации.

Неспорно е дека законот за работни односи во член 121 овозможува работникот, кој работи полно работно време, да може **по исклучок** да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време.
Меѓутоа, од податоците кои понатаму ќе бидат објаснет произлегува дека ИСКЛУЧОКОТ од претходниот член кај нас станува ПРАВИЛО со кои се изигруваат бројни закони, а уште повеќе се доведува во прашање каков квалитет ќе обезбеди лице кое смее да работи 1, 2, 3 или 10 часа дополнително неделно? По раскинувањето на работниот однос, кој ќе го врши надзорот? Дали воопшто се врши надзор или само се одобруваат и потпишуваат градежните книги и дневници.

Што е однесува до лицата ангажирани за надзор, со тендерската документација и Проектна програма и предвидената динамика за ангажирање, предвидено е следново:

Табела 2

| **Тимови** | **Клучен долгорочен експертски персонал A** | | **Клучен краткорочен експертски персонал B** | | **Технички и друг персонал C** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **број на планирани лица** | **месеци на ангажман** | **број на планирани лица** | **месеци на ангажман** | **број на планирани лица** | **месеци на ангажман** |
| Персонал за управување на Проектот | 6* | 39-48 | 2 | 39-48 | | |
| Тетово - Гостивар | 5 | 24-26 | 4 | 6 | 8 | 24 |
| Гостивар - Букојчани | 5 | 24-26 | 4# | 6 | 9 | 24 |
| Требеништа – Струга - Ќафасан | 5 | 24-26 | 4 | 6 | 8 | 24 |
| Прилеп - Битола | 5 | 24-26 | 4# | 6 | 9 | 24 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Персонал за преглед на проектна документација за автопатски делници од Проектот | 8 | ` 4 -18 | | | | |
| Персонал за правен трансакциски советник | 4* | Паушал | | | | |
| **Вкупно предвидени позиции** | 38 | | 18 | | 34 | |
| | 90 | | | | | |
| **Вкупно ангажирани лица** | 37 | | 10 | | 34 | |
| | 81 | | | | | |

| | |
|---|---|
| * | Исто лице може да ги врши работите на А3- надзор во тимот за управување со проектот и А4 во тимот за правен трансакциски советник |
| ` # | Исти лица можат да вршат работи на две траси |

Во Проектната програма од договорот детално се објаснети задачите на сите позиции за одделни тимови.

Лицата од А категорија се инженери од областа на градежништво и геодезија со најголемо работно и професионално искуство кои се должни да го организираат надзорот, документираат, координираат работењето со другите тимови за реализација на проектот.

Лицата од категорија В се инженери од областа на животна средина, сообраќајни и електро инженери.

Лицата од С категорија може да бидат со средно или високо образование од област на градежништво, машинство, геодезија, геотехника, кои се должни за секојдневно следење и документирање на работите.

Во Табела 3 прикажани се податоци кој од економските оператори на кој начин и во кој број ги обезбедува потребниот број стручни лица по одделни категории.

| | | ИРД | | | | | | | Електра солушнс | | | | | | | Електра солушнс -подизведувачи | | | | | | | ЕВРО КОНСАЛТИНГ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПО ДОГОВОР | | | СЕГАШНА СОСТОЈБА | | | | ПО ДОГОВОР | | | СЕГАШНА СОСТОЈБА | | | | ПО ДОГОВОР | | | СЕГАШНА СОСТОЈБА | | | | ПО ДОГОВОР | | | СЕГАШНА СОСТОЈБА | | | |
| | | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | ПРЕКИН НА РО | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | ПРЕКИН НА РО | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | ПРЕКИН НА РО | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | редовно вработени | договор на дело | дополнително ангажирани | ПРЕКИН НА РО |
| Персонал за управување на Проектот | A | 2 | 3 | | 2 | 3 | | | | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| Тетово - Гостивар | A | 1 | | | | | | 1 | 3 | | | 1 | | 1 | 1 | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | |
| Гостивар - Букоjчани | A | 1 | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 3 | 1 | | 3 | 1 | | |
| Требеништа – Струга - Ќафасан | A | 1 | | | 1 | | | | | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | 3 | | | 3 | | | |
| Прилеп - Битола | A | | | | | | | | | | 3 | | | | 3 | | | | | | | | 2 | | | 2 | | | |
| Персонал за преглед на проектна документација за автопатски делници од Проектот | A | | | | | | | | | 3 | 1 | | 3 | | 1 | 4 | | | 4 | | | | | | | | | | |
| Персонал за правен трансакциски советник | A | | 1 | | | 1 | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| | | 5 | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 | 1 | 3 | 4 | 6 | 1 | 4 | 1 | 7 | 5 | 1 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 | 9 | 1 | 0 | 9 | 1 | 0 | 0 |
| Персонал за управување на Проектот | B | | | | | | | | | 1 | 1 | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| Тетово - Гостивар | B | | | | | | | | | | 3 | | | 2 | 1 | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | |
| Гостивар - Букоjчани | B | | | | | | | | | | 3 | | | 2 | 1 | | | 1 | | | 1 | | | | | | | | |
| Требеништа – Струга - Ќафасан | B | | | | | | | | | 3 | | | 3 | | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | | |
| Прилеп - Битола | B | | | | | | | | | 3 | | | 3 | | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | 0 | 7 | 7 | 0 | 7 | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тетово - Гостивар | C | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | 6 | | | 6 | | | |
| Гостивар - Букоjчани | C | | | | | | | | | | 4 | | | | 4 | | | | | | | | 5 | | | 5 | | | |
| Требеништа – Струга - Ќафасан | C | | | | | | | | | 2 | 3 | | 2 | | 3 | | | | | | | | 3 | | | 3 | | | |
| Прилеп - Битола | C | | | | | | | | | | 6 | 1 | | | 5 | 2 | | | 2 | | | | 1 | | | 1 | | | |
| | | | | | | | | | 0 | 2 | 14 | 2 | 2 | 0 | 12 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 |

Табела 4

| | | ПО ДОГОВОР | | | | СЕГАШНА СОСТОЈБА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РАБОТЕН ОДНОС | ДОГОВОР НА ДЕЛО | ДОПОЛНИТЕЛНО ВРАБОТУВАЊЕ | Вкупно | РАБОТЕН ОДНОС | ДОГОВОР НА ДЕЛО | ДОПОЛНИТЕЛНО ВРАБОТУВАЊЕ | Вкупно | ПРЕКИН НА РО |
| ИРД | A | 5 | 4 | | 9 | 4 | 4 | | 8 | 1 |
| | B | | | | 0 | | | | 0 | |
| | C | | | | 0 | | | | 0 | |
| ЕЛЕКТРА СОЛУШНС | A | 3 | 4 | 6 | 13 | 1 | 4 | 1 | 6 | 7 |
| | B | 0 | 7 | 7 | 14 | 0 | 7 | 4 | 11 | 3 |
| | C | 0 | 2 | 14 | 16 | 2 | 2 | 0 | 4 | 12 |
| ЕЛЕКТРА СОЛУШНС-ПОДИЗВЕДУВАЧИ | A | 5 | 1 | 0 | 6 | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| | B | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 1 | 1 | 4 | 0 |
| | C | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| ЕВРО КОНСАЛТИНГ | A | 9 | 1 | 0 | 10 | 9 | 1 | 0 | 10 | 0 |
| | B | | | | 0 | | | | 0 | |
| | C | 15 | | | 15 | 15 | | | 15 | |
| Вкупно | | 41 | 20 | 28 | 89 | 40 | 20 | 6 | 66 | 23 |
| | | 46% | 22% | 31% | | 45% | 22% | 7% | | 26% |

**Она што е интересно во овој случај е што 28 лица се пријавени во Електро Солушнс околу 20.10.2022 година, 5-6 дена пред конечниот рок (25.10.2022) за доставување на понудите. Лицата се пријавени на 1, 2 или 3 часа неделно, дополнителна работа над 40 часа, од причина што истите се редовно вработени кај друг економски оператор.**

Состојба од Табела 4 со вработените покажува дека голем број од персоналот – 23 лица веќе не е на располагање на фирмите – понудувачи и тоа:
А лица – 8
В лица – 3
С лица - 12

Во точка 8 од Проектната програма наведено е „надзорниот орган е целосно одговорен и ги сноси последиците кои може да произлезат од работата на целиот персонал и надзорен тим, без разлика дали членовите тимовите се вработени кај надзорниот орган <u>**(на неопределено или определено време)**</u>, ангажирани се од друга компанија за потребите на овој Проект, или се ангажирани како независни експерти од дадена област. Понатаму, во делот на објаснувањата за персоналот е наведено: Надзорниот орган, не смее Персоналот и Надзорниот тим за кој е децидно наведено дека во дадените временски периоди е на располагање за реализација на овој Проект да го замени, ако претходно не обезбеди

негова адекватна замена со потребните пропишани квалификациони услови согласно тендерската документација, без писмена согласност на Инвеститорот. На предлог на Надзорниот орган, или по барање на Инвеститорот, кога обемот на работите тоа го условува, персоналот и Надзорниот тим може да биде времено или трајно бројчано зголемен или намален.

Во Посебните услови на договорот- ПУД-, во точка 33 е договорено:

*„Интенција на Договорниот орган е да не се вршат никакви измени на експертите кои се назначени како клучен персонал во тим на Носителот на набавката во текот на целиот договорен период. Ако, од било која причина која е надвор од разумната контрола на Носителот на набавката стане неопходно да се замени било кој од тие експерти, Носителот на набавката веднаш треба да обезбеди како замена, експерт со еквивалентни квалификации и искуство прифатлив за договорниот орган".*

Понатаму, во делот на објаснувањата за персоналот е наведено: ***Надзорниот орган, не смее Персоналот и Надзорниот тим за кој е децидно наведено дека во дадените временски периоди е на располагање за реализација на овој Проект да го замени, ако претходно не обезбеди негова адекватна замена со потребните пропишани квалификациони услови согласно тендерската документација, без писмена согласност на Инвеститорот.*** На предлог на Надзорниот орган, или по барање на Инвеститорот, кога обемот на работите тоа го условува, персоналот и Надзорниот тим може да биде времено или трајно бројчано зголемен или намален.

Исто така во Посебните услови на договорот- ПУД-, во точка 45 е договорено:

*„Носителот на набавката треба да добие од Договорниот орган претходна согласност во писмена форма пред да преземат било која од следните активности: (а) било какви измени или замени на персоналот кој е назначен за извршување на услугите со овој договор. ...."*

За да потврдиме дали Надзорниот орган ги почитува одредбите од договорот и го известил инвеститорот за настанатите промени за прекин на работниот однос со 23 лица, се обидовме со директорот на ЈПДП да оствариме состанок, но бевме известени дека нема потреба од состанок бидејќи, ДЗР и надлежното ОЈО постапуваат по предметот.

Од причина што работите на сите делници веќе се започнати, се поставува прашањето на кој начин ќе се обезбеди навремен и квалитетен надзор ако се има во предвид фактот дека во целата Проектна документација се потенцира дека работното време кое е предвидено за Надзорниот орган треба да се прилагоди кон работното време на изведувачот на работите, а за чии потреби се смени законот за работни односи.

Имајќи ги во предвид претходно наведените интенции на ЈПДП, но и актуелните состојби со пријавени и одјавени лица, се поставува прашањето каков квалитет ќе обезбеди лице кое смее да работи 1, 2, 3 или 10 часа дополнително неделно? По раскинувањето на работниот однос, кој го врши надзорот, дали новото ангажирано лице-ако е ангажирано- ги има

потребните квалификации? Дали воопшто се врши надзор или само се одобруваат и потпишуваат градежните книги и дневници?

**Сето ова претходно наведено укажува дека службените лица во ЈПДП при изборот на економски оператор го прифатиле дополнително ангажирање над законското работно време спротивно на точка 8 од Проектната програма/ тендерска документација со што се доведува во прашање исполнувањето на основниот принцип на Законот за јавни набавки согласно член 4:**

*(1) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.*

*(2) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди соодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност.*

Ваквиот начин на одлучување и свесно прифаќање на услови кои се спротивни на барањата во Проектната програма од страна на лицата кои ја спроведувале јавната набавка како и директорот на ЈПДП упатуваат на фаворизирање на групата понудувачи каде учествува Електра Солушнс и ризици од идни штети како по однос на квалитетот на услугите, така и по однос на финансиска штета на Буџетот на РСМ.